**ЗАПИСНИК**
**од 7-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 17.08.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Весна Симоновска, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни преку видео конференциска врска: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 7-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 16:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека на седницата требаше да се обрати претставник на радиодифузерот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата. Но бидејќи во последен момент телевизијата го уплати годишниот надоместок за што има и материјален доказ, рече дека причината е отстранета и ја затвори седницата.

Бр. 02-3153/2
25.08.**2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**